# ДНЕВНА ХЕМЕРОТЕКА ЗА 14.04.2017г

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

## Локално -*Greenfudge: „Заштитеното од УНЕСКО Охридско Езеро пред еколошка катастрофа!“*

ЛОКАЛНО.мк

МАКЕДОНИЈА БИЗНИС ГЛОБАЛНО ЛОКАЛНО СПОРТ МАГАЗИН КУЛ
НАЈНОВО

10/04/2015, 9:11 | 0 Коментари

### Greenfudge: „Заштитеното од УНЕСКО Охридско Езеро пред еколошка катастрофа!“

Идејата за изградба на луксузна населба и марина на просторот на Студенчишкото блато во Охрид наидува и на критики од странските медиуми. На специјализираната веб – страница Greenfudge е објавен напис со наслов „Заштитеното од УНЕСКО езеро во Охрид пред еколошка катастрофа“, во кој се наведува дека измените во Генералниот урбанистички план на Охрид се заканува да уништат цел еко – систем. „Езерото е едно од 50-те најдлабоки и најстари езера во Европа и со своите 212 ендемски видови е едно од најважните водни еко – системи во светот“, се нагласува во објавениот текст на медиумот.



* извор: Студија за состојбата на остатокот од блатото

нија

рање

.gov.mk

Изминативе денови со сопствена реакција се јавија и од Хидробиолошкиот завод во Охрид, како една од најрелевантните институции во земјава по ова прашање. Во објавеното соопштение се нагласува дека официјалниот став на научната институција е потврдена уште на одржаната седница на 28.11.2014 година во однос на барањето за мислење по однос на измените и дополнувањата на Генералниот урбанистички план за Охрид. Хидробиолошкиот завод го нема променето своето мислење до денешен ден.

„Во даденото стручно мислење од страна на Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод (кој е составен од 6 доктори на науки) беше истакнато дека треба да се обрне внимание на строга заштита на Студенчишкото блато кое е природен резерват на ендемични растителни и животински видови и плодишта за многу циприниди риби. На крајот беше напоменато дека на овој локалитет треба да се избегнуваат секаков вид на градежни активности", се наведува во соопштението од Хидробиолошкиот завод.

За разлика од официјалните ставови на научните институции и на невладиниот сектор, централната власт и охридската локална самоуправа имаат поинакви мислења во однос на ова прашање. Идната охридска марина ќе се гради на потегот помеѓу каналот Студенчишта и некогашниот хотел „Парк" и тоа по пат на јавно – приватно партнерство, при што допрва ќе се утврди кој ќе раководи со проектот. Општина Охрид веќе реализираше Конкурс за избор на идејниот архитектонско – урбанистички проект за изградба на луксузна населба на дел од просторот што го зафаќа Студенчишкото блато, на кој е предвидено да се издигнат хотели, ресторани, резиденцијални објекти, апартмани и систем од поврзани канали и езерца.

## **Build** - ***Не стивнуваат реакциите околу урбанистичкиот план за Студенчишко блато***

Идејата за изградба на луксузна населба и марина на просторот на Студенчишкото блато во Охрид наидува и на критики од странските медиуми. На специјализираната веб – страница Greenbridge е објавен напис со наслов „Заштитеното од УНЕСКО езеро во Охрид ...

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул.”Гоце Делчев” 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk